Бр./Nr 12-2774/1
15-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-2401/1 од 10.09.2024 година, оформен по пријава со наводи против лицето ---------, поранешен вршител на должноста Директор на ЈЗУ Центар за јавно здравје - -------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2401/1 од 10.09.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2401/1 од 10.09.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско именување на службеното лице ---------- за в.д. директор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – --------. Во пријавата е наведено дека со неговото назначување за в.д. директор е прекршен Законот за здравствена заштита, бидејќи истиот е дипломиран инжинер за заштита на животната средина. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно законските надлежности.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за здравство на Република Северна Македонија. Од доставената документација и релевантната законска регулатива е утврдено следното:

Министерството за здравство на РСМ известува дека Управниот одбор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – ------- донел Одлука со бр.-----/- од --.--.2023 година за распишување на Јавен конкурс за избор на директор и била спроведена постапка за именување на директор. По распишаниот Јавен конкурс за избор на директор, е формирана конкурсната комисија со Одлука бр.-----/- од --.--.2023 година.

Во објавениот јавен конкурс во делот на образованието е предвидено кандидатите да го исполнуваат следниот услов согласно член 104 став 2 алинеја 3 од Законот за здравствената заштита, кој важел во време на објавување на конкурсот: да има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование – дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент или завршени академски студии со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации.

Во утврдениот рок за поднесување на пријавите, пријавен бил само еден кандидат ---------. Министерот за здравство по распишаниот конкурс не извршил избор на директор, поради што донел Решение бр.------/- од --.--.2023 година за именување вршител на должноста директор во ЈЗУ Центар за јавно здравје – ----- на лицето ---------. Во решението е наведено дека согласно член 107 став 2, а во врска со член 108 став 5 од Законот за здравствена заштита, именувањето за вршител на должност е до именување на директор по јавен конкурс, но не подолго од шест месеци.

Во 2023 година е извршена измена на релевантната регулатива, односно, согласно член 1 од Закон за изменување и дополнување на законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 199/23 од 25.09.2023), во член 104 став (2) во точката 3) зборовите: „или завршени академски студии“ се бришат.

Дополнително, од увид во податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија, на ден 23.08.2024 година била извршена промена на одговорното лице на ЈЗУ Центар за јавно здравје – -------, односно со Решение број ------/- од --.--.2024 година е именувано друго лице за вршител на должност директор на наведената установа.

Врз основа на наведеното ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај. Ова од причина што согласно законските одредби кои биле на сила во време на именувањето, не постоела забрана за именување на в.д. директор на јавна здравствена установа со завршено високо образование дипломиран инжинер за заштита на животната средина. Односно, во моментот на донесувањето на Одлуката за распишување на јавниот конкурс, на ден 30.08.2024 година, на сила била одредбата која дозволувала за в.д. директор да може да се именува лице со „завршени академски студии“ која одредба со член 1 од Закон за изменување и дополнување на законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 199/23 од 25.09.2023) била изменета. Исто така, од увид во тековната состојба на субјектот, утврдено е дека посоченото лице е разрешено од функцијата в.д. директор на ден 23.08.2024 година, заради што ДКСК утврди дека во конкретниот случај се работи за променета фактичка состојба.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик – претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О,. советник
Контролирал: м-р К.З,. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК